Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

[redacted]

**Архивски бр.:** 15-323
**Дата:** 15.09.2022 година

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: p.kirovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Државниот инспекторат за животна средина преку Пејо Кировски, со службена легитимација број 06-0003, изврши вонреден инспекциски надзор кај физичкото лице Стевче Ристов со адреса на живеење ул. 1 б.б. с. Николиќ општина Дојран. Со Записник бр. ИП1 15-323 од 12.09.2022 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 2 и 3 од Закон за животна средина (Сл. весник на РСМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 99/18, 89/22 и 171/22) а во врска со член174 од Законот за заштита на природата (Сл. весник на РСМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, и 151/21) донесе:

## РЕШЕНИЕ

Со кое **СЕ ЗАДОЛЖУВА** физичкото лице Стевче Ристов со адреса на живеење ул. 1 б.б. с. Николиќ општина Дојран да ги отстрани недостатоците утврдени со Записник бр. ИП1 15-323 од 12.09.2022 година.

1. На место викано Ѓорлук с. Николиќ општина Дојран на КП 1631 и КП 1634 да преземе мерки за доведување во претходна или задоволителна состојба.

Рок: 60 (шеесет) дена од приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1 на оваа решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

3. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши вонреден инспекциски надзор кај физичкото лице Стевче Ристов со адреса на живеење ул. 1 б.б. с. Николиќ општина Дојран. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Пејо Кировски – Државен инспектор за животна средина, Вера Љатева – Државен инспектор за животна средина и физичкото лице Стевче Ристов со адреса на живеење ул. 1 б.б. с. Николиќ општина Дојран сопственик на земјоделско земјиште со површина од околу 5800 м2 во место викано Ѓорлук - КО Николиќ. Согласно вонредниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. 15-323 од 12.09.2022 година.

При надзорот се направи увид на самата локација со што се констатира дека на плацот нема никакви земјоделски насади. На оддалеченост од околу 100 метри од брегот на Дојранско Езеро има

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат животна средина**

Палата”Емануел Чучков”
Ул.Павел Шатев бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: p.kirovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

градежен објект (карабина) со основа од околу 120 м2 кој го планирал да се користи за земјоделски потреби за кој поседуваше Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина од општина Дојран. Сопственикот на имотот изјави дека оваа година при изградбата на градежниот објект за кој поседувал соодветна документација извршил уредување на теренот со што посипал дел од материјалот (песок) према брегот на Дојранско Езеро на неговиот имот на КП 1631 и КП 1634 со што дел од трската е оштетена (ја нема). При увидот се констатира дека на одредени места од горенаведените катастарски парцели трската се обновува – изникнува.

Согласно надлежностите што произлегуваат од член 172 од Законот за заштита на природата и членовите 8 и 9 од Законот за прогласување на Дојранско Езеро за споменик на природата (Сл. весник на РМ бр. 51/11), а во врска со член 200 став 2 и 3 од Законот за животна средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото Решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе прекршочна, односно кривична пријава пред надлежниот орган, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина.

Жалбата изјавена против оваа Решение не го одлага неговото извршување согласно член 174-а став 2 од Законот за заштита на природата.

Од погоре наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение, согласно член 106 став 1 од Законот за општа и управна постапка (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 124/15), може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Скопје под број ИП1 15 - 323 на ден 15.09.2022 година.

Доставено до:
- Архива
- Стевче Ристов

Ул. 1 б.б. с. Николич - Дојран

Со почит,

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Пејо Кировски

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**

ИП1 Број: 15-323 Датум: 12.09.2022

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | СТЕВЧЕ РИСТОВ (ФИЗИЧКО ЛИЦЕ) |
| Седиште/адреса на субјектот | УЛ. 1 ББ С. НИКОЛИЌ ДОЈРАН |
| Адреса за е-пошта | stevcheristov@jahoo.com |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| СТЕВЧЕ РИСТОВ | | stevcheristov@jahoo.com |
| | | |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | (2) ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 12.09.2022 | Време на почеток на инспекцискиот надзор [час/минути] | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 12.09.2022 | Време на завршување на инспекцискиот надзор (час/минути) | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | СТЕВЧЕ РИСТОВ (ФИЗИЧКО ЛИЦЕ) | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | МЕСТО ВИКАНО „ЃОРЛУК" ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 5 800 m2 ДО ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО АТАР НА С. НИКОЛИЌ | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец __________, _____ година;
2. (заокружено) налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. 02-981/2 од 12.09.2022 година;
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. __________ од _________ година;
4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број __________ од _________ година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. ПЕЈО КИРОВСКИ ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
2. ВЕРКА ЃАТЕВА —— 〃 —— 〃 ——

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

1. ИЗВРШЕН Е ВОНРЕДЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО с. НИКОЛИЌ КАЈ ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ СТЕВЧЕ РИСТОВ СОГЛАСНО ЧЛ. 172 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Е употребена листа за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на овој записник,

2. Не е употребена листа за проверка, поради (да се објасни причината):

– ______________________________.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| СТЕВЧЕ РИСТОВ | 070/324-172 | |
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

ИЗВРШЕН Е ВОНРЕДЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО СЕЛО НИКОЛИЌ - МЕСТО ВИКАНО ГОРАУК, НИВА СО ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 5800 $m^2$ ОГРАДЕНА СО МЕТАЛНА КАПИЈА И ЗАВРШУВА ДО ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО. НАДЗОРОТ Е НАПРАВЕН ПО ДОБИЕН НАЛОГ ЗА ВРШЕЊЕ ВОНРЕДЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ОД ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА СО БР. 02-981/2 ОД 12.09.2022 г. ПРИ НАДЗОРОТ СЕ КОНСТАТИРА ДЕКА НА ПЛАЦОТ НЕМА НИКАКВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАСАДИ, ВО ФАЗА НА ГРАДБА НА ОДАЛЕЧЕНОСТ ОКОЛУ 100 МЕТРИ ОД БРЕГОТ НА ЕЗЕРОТО ИМА ОБЈЕКТ (КАРАБИНА) СО ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 120 $m^2$ КОЈ СЕ ПЛАНИРА ДА БИДЕ НАМЕНЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОТРЕБИ. ПРИ УВИДОТ СОПСТВЕНИКОТ НИ ДОСТАВИ ИМОТЕН ЛИСТ БР. 228 ПРЕПИС КО НИКОЛИЌ ОД 18.05.2021 г. СО КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ СО ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 5800 $m^2$. ИСТО ТАКА ЗА ГРАДЕЖНИОТ ОБЈЕКТ НА ПЛАЦОТ НИ ПРИЛОЖИ ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА КАКО И РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ИЗДАДЕНО ОД ОПШТИНА ДОЈРАН СО БР. УПI 12-395/21 ОД 20.04.2022 г. ПОСЕДУВА ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД УПРАВАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - СЕКТОР ВОДИ СО БР. 11-5474/2 ОД 22.11.2021 г. ДЕКА НА ПОСОЧЕНАТА ЛОКАЦИЈА ЗА ГРАДБА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВОДИ НЕ Е ПОТРЕБНО ИЗДАВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКА СОГЛАСНОСТ.

ВО МОМЕНТОТ НА НАДЗОРОТ НА ГОРЕНАВЕДЕНАТА ЛОКАЦИЈА ЃОРЛУК НЕ СЕ ВРШЕА НИКАКВИ АКТИВНОСТИ. СОПСТВЕНИКОТ СТЕВЧЕ РИСТОВ ИЗЈАВИ ДЕКА ОВАА ГОДИНА ПРИ ИЗГРАДБА НА ГРАДЕЖНИОТ ОБЈЕКТ ЗА КОЈ ПОСЕДУВА СООДВЕТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ИЗВРШИЛ УРЕДУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ СО ШТО ПОСИПАЛ ДЕЛ ОД МАТЕРИЈАЛОТ ПРЕМА БРЕГОТ НА ЕЗЕРОТО СО ШТО ДЕЛ ОД ТРСКАТА Е ОШТЕТЕНА НА НЕГОВИОТ ПЛАЦ И ТОА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА 1633 и КП 1634. НА ТИЕ ПАРЦЕЛИ НА ОДРЕДЕНИ МЕСТА ТРСКАТА СЕ ОБНОВУВАЊЕ СО ШТО СЕ ГЛЕДАШЕ КАКО ИЗНИКНУВА. СОПСТВЕНИКОТ ИЗЈАВИ ДЕКА ~~ДЕЛ~~ ОД ПАРЦЕЛИТЕ ПРИ ЗГОЛЕМЕН ВОДОСТОЈ СЕ ПОД ВОДА. ИСТО ТАКА ИЗЈАВИ ДЕКА НЕ ЗНАЕЛ ДЕКА ТРЕБА ДА ПРИБАВИ МИСЛЕЊЕ ОД ОПШТИНА ДОЈРАН КАКО УПРАВУВАЧ СО СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО ЗА ТАА АКТИВНОСТ - НАСИПУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛ. ЗА ИСТАТА РАБОТА ЌЕ СЛЕДИ УПРАВЕН АКТ ЗА ВРАЌАЊЕ ВО ПРВОБИТНА СОСТОЈБА - БРЕГОТ НА ЕЗЕРОТО.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;

(2.) утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:

- НАСИПУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛ ВО СОПСТВЕНА ПАРЦЕЛА
- ДО БРЕГОТ НА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО.
- 
- 

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

- 
- 
- 
- 

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | Стевче Ристов | Печат и потпис на инспекторот: | |
|---|---|---|---|
| Датум: | 12.09.2022 | Датум: | 12.09.2022 |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

Република Северна Македонија Државен инспекторат за животна средина Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor Shkup

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**

ИП1 Број: 15-323 Датум: 24.11.2022

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Стевче Ристов (физичко лице) |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. 1 бб с. Николиќ - Дојран |
| Адреса за е-пошта | stevcheristov@yahoo.com |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Стевче Ристов | | stevcheristov@yahoo.com |
| | | |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | (3.) КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 24.11.2022 | Време на почеток на инспекцискиот надзор [час/минути] | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 24.11.2022 | Време на завршување на инспекцискиот надзор (час/минути) | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Стевче Ристов (физичко лице) | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | М.В. Горлак с. Николиќ - до Дојранско Езеро - Општина Дојран | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец ________, _____ година;
2. налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. ________ од ________ година;
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. ________ од ________ година;
4. (заокружено) записник/решение за извршен инспекциски надзор број 15-323 од 15.09.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. Пејо Кировски - државен инспектор за животна средина
2. Верка Латева - // //

Република Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје III Shkup INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Republika e Maqedonisë së Veriut



5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

1. КОНТРОЛЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР КАЈ ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ СТЕВЧЕ РИСТОВ ПО ИЗДАДЕНО РЕШЕНИЕ СО БР. 15-323 ОД 15.09.2022 ГОДИНА.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Е употребена листа за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на овој записник,

2. Не е употребена листа за проверка, поради (да се објасни причината):

– ______________________________________________.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| СТЕВЧЕ РИСТОВ | 070/324-172 | |
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

ИЗВРШЕН Е КОНТРОЛЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО МЕСТО ВИКАНО ГОРЛУК с. НИКОЛИЌ ОПШТИНА ДОЈРАН ВО ВРСКА СО ИЗДАДЕНОТО РЕШЕНИЕ СО БР. 15-323 ОД 15.09.2022 ГОД. ОД СТРАНА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА. ЗА ВРЕМЕ НА НАДЗОРОТ НА САМАТА ЛОКАЦИЈА - МЕСТО ВИКАНО ГОРЛАК НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ 1631 И 1634 ОД СТРАНА НА СОПСТВЕНИКОТ СТЕВЧЕ РИСТОВ ПРЕЗЕМЕНИ СЕ АКТИВНОСТИ ЗА ДОВЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО ~~ЗА~~ ЗАДОВОЛИТЕЛНА СОСТОЈБА. СО ПОМОШ НА ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА - БАГЕР ПРЕТХОДНО ПОСИПАНИОТ МАТЕРИЈАЛ ПРЕМА БРЕГОТ НА ЕЗЕРОТО Е ОТСТРАНЕТ ОД БРЕГОТ НА ЕЗЕРОТО ПРЕМА ГРАДЕЖНИОТ ОБЈЕКТ СО ШТО ПРОСТОРОТ Е ВРАТЕН ВО ЗАДОВОЛИТЕЛНА СОСТОЈБА. СО ТЕК НА ВРЕМЕ ТРСКАТА НА ТОЈ ПРОСТОР ЌЕ СЕ ОБНОВИ И ПРОСТОРОТ ЌЕ СЕ ВРАТИ ВО ПРЕТХОДНА СОСТОЈБА. СО НАДЗОРОТ СЕ КОНСТАТИРА ДЕКА Е ПОСТАПЕНО ПО ИЗДАДЕНОТО РЕШЕНИЕ СО БР. 15-323 ОД 15.09.2022 ГОД.
ПРИСУТНОТО ЛИЦЕ СТЕВЧЕ РИСТОВ ИЗЈАВИ ДЕКА НА САМАТА ЛОКАЦИЈА ОД ПОСЛЕДНАТА КАНДЕЛАБРА ПРЕМА [illegible] БРЕГОТ НА ЕЗЕРОТО

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Shkup
III
2



НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ 1631 и 1634 20 МЕТРИ
ПРЕМА ЕЗЕРОТО Е НЕГОВ ИМОТ ПО ИМОТЕН ЛИСТ.
БЕЗ РАЗЛИКА НА ТОА НА СОПСТВЕНИКОТ НА ПЛАЦОТ
МУ СЕ УКАЖА ДА НЕ ПРЕВЗЕМА НИКАКВИ АКТИВНОСТИ
ПРЕМА БРЕГОТ НА ЕЗЕРОТО НА ПОТЕГОТ КАДЕ
Е ТРСКАТА. ЗА БИЛО КАКВА НАМЕРА ДА СЕ
ОБРАТИ ДО ОПШТИНА ДОЈРАН КАКО УПРАВУВАЧ
СО ЗАШТИТЕНОТО ПОДРАЧЈЕ СПОМЕНИК НА
ПРИРОДАТА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО. ИСТО ТАКА
ЗА БИЛО КАКВИ АКТИВНОСТИ НА ТОЈ ПОТЕГ
ОД БРЕГОТ НА ЕЗЕРОТО ДА СЕ ИЗВЕСТИ И
ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

(1.) не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;

2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:

– ________________

– ________________

– ________________

– ________________

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

– ________________

– ________________

– ________________

– ________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | [потпис] | Печат и потпис на инспекторот: | [потпис] |
| Датум: | 24.11.2022 | Датум: | 24.11.2022 |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

Република Северна Македонија
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Скопје
III
Shkup
INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR
Republika e Maqedonisë së Veriut

